Australian Government
Department of Health, Disability and Ageing



# Информации за вакцинацијата против КОВИД-19 за станарите на старски домови

Информации точни во септември 2025 година.

Станарите во старски домови се поттикнуваат да ја примат препорачаната вакцинација против КОВИД-19, за да се заштитат од сериозна болест. Староста останува најголем фактор на ризик од тешки последици од КОВИД-19.

- **Возрасните на 75 години и постари** треба да примат вакцина против КОВИД-19 секои **6 месеци**.
- **На возрасните на 65 до 74 години** им се препорачува една доза секои **12 месеци**.
- **На возрасните на 18 до 64 години, со сериозно нарушен имунитет,** исто така им се препорачува една доза секои **12 месеци**.

Заштитата здобиена со вакцина се намалува со текот на времето, па затоа редовни дози помагаат да зајакне вашиот имунолошки систем и се намалува ризикот од сериозна болест, хоспитализација или смрт.

Вакцините против КОВИД-19 може да се дадат во ист ден со годишната вакцина против грип (flu).

Ако не сте примиле вакцина против КОВИД-19 во препорачаното време, ве молиме побарајте во вашиот старски дом да ви организираат вакцинација што е можно поскоро.

## Како да се прими препорачаната вакцина

Вашиот старски дом е должен да обезбеди да можете да ја примите вашата препорачана вакцина против КОВИД-19 штом ги исполните условите.

Тие може да организираат теренски лекар од општа пракса (GP), аптекар или друг давател на услуги на примарна нега да дојде во домот и да ви ја даде вакцината. Вакцината против КОВИД-19 може да ја примите дури и ако неодамна сте имале КОВИД-19.

## Давање согласност

Сите станари во старски домови мораат да дадат полноважна согласност пред да добијат вакцина против КОВИД-19.

Вашиот старски дом е должен да ја добие вашата согласност да бидете вакцинирани.

Давателите на услуги на нега на стари лица ја споделуваат согласноста на станарите со здравствените лица кои ја даваат вакцината, за тоа да биде внесено во Australian Immunisation Register (AIR) [Австралиски регистер на имунизација].

Дознајте повеќе за тековните препораки за вакцинација https://www.health.gov.au/our-work/covid-19-vaccines/getting-your-vaccination

Дознајте повеќе за давањето согласност за вакцина против Ковид-19 на интернет страницата https://www.health.gov.au/resources/publications/consent-for-covid-19-vaccination-for-older-people-including-aged-care-residents-families-and-carers

Персоналот во вашиот дом ќе разговара со вас или со вашиот старател или заменик доносител на одлуки дали вие се согласувате да примите вакцина против КОВИД-19. Тие ќе ви помогнат да го пополните образецот за согласност.

## Согласност од страна на старател или заменик доносител на одлуки

Во некои случаи, може да треба старател или заменик доносител на одлуки да даде согласност за станар во дом да добие вакцина против КОВИД-19.

Секоја држава и територија во Австралија има свои закони и услови за старателството и донесувањето одлуки од страна на заменик. Ако давате согласност во името на некој станар, ве молиме проверете во законите за трајно старателство во вашата држава или територија за да обезбедите дека согласноста е полноважна и ги исполнува условите.

Старскиот дом ќе обезбеди информации за вакцината, за да го поддржи информираното одлучување. Кога донесуваат одлуки, старателите се поттикнуваат да ги земат предвид познатите желби на станарот, медицинското мислење, и ризиците и придобивките од вакцинација.

## Несакани ефекти на вакцината против КОВИД-19

Вообичаените благи несакани ефекти на вакцинацијата против КОВИД-19 вклучуваат главоболка или блага треска и обично не трајат повеќе од 24 часа.

Ако нешто ве загрижува, ве молиме разговарајте со вашиот општ лекар (GP) или со друго здравствено лице.

## Видови вакцина

Сите вакцини достапни во Австралија беа одобрени од Therapeutic Goods Administration (TGA) [Администрација за терапевтски средства] после ригорозен процес на проценување.

Вашиот давател на вакцини може да разговара за опциите за вакцини достапни за вас.

За повеќе информации, посетете ја веб-страницата на Department of Health, Disability and Ageing [Министерството за здравство, попреченост и стареење] на интернет страницата https://www.health.gov.au/our-work/covid-19-vaccines/information-for-aged-care-providers-workers-and-residents-about-covid-19-vaccines/residential-aged-care-residents?language=en